WeBER III
WESTERN BALKAN ENABLERS FOR REFORMING PUBLIC ADMINISTRATIONS

Финансирано од Европска Унија

Austrian Development Agency

# ИНТЕГРИРАЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА РЈА ВО СЕКТОРСКИТЕ ПОЛИТИКИ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИМИТАР ВРГЛЕВСКИ, ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ



Институт за европска политика. Скопје

ОБЛАСТ: Организација, отчетност и надзор

ИНСТИТУЦИЈА: Министерство за социјална политика, демографија и млади

СЕКТОР: Социјална политика

# Содржина

**Резиме на извештајот / 3**

**I. Вовед / 4**

I.1 Што следи WeBER и како? / 4

I.2 Во овој извештај / 4

**II. Анализа / 5**

Барање 1: Одговорната институција обезбедува информации во зададените рокови / 5

Барање 2: Одговорната институција ги обезбедува бараните информации / 6

Барање 3: Одговорната институција по правило не наплаќа за одговори на БСП / 7

Барање 4: Одговорната институција објавува на интернет достапен, корисен и практичен дел за слободен пристап до информации од јавен карактер / 8

Барање 5: Одговорната институција ги објавува податоците на лицето за контакт за БСП така што се лесно достапни на интернет / 8

Барање 6: Одговорната институција проактивно објавува на интернет основни информации за своето работење / 9

Барање 7: Одговорната институција објавува податоци во отворени формати / 10

Конечна проценка на барањата / 13

**III. Препораки за подобрување / 14**

Додатоци / 15

Барања за слободен пристап до информации / 15

Интервјуа / 15

Други извори / 15

Автор: Димитар Врглевски, Центар за управување со промени, Скопје

Издавач: Институт за европска политика - Скопје

ОБЛАСТ: Организација, отчетност и надзор
ИНСТИТУЦИЈА: Министерство за социјална политика, демографија и млади
СЕКТОР: Социјална политика

Скопје, август 2024

WeBER III
WESTERN BALKAN ENABLERS FOR REFORMING PUBLIC ADMINISTRATIONS

Финансирано од Европска Унија

Austrian Development Agency

Изготвен во рамките на Проектот „Овозможување на реформа на јавната администрација во Западен Балкан – WeBER 3.0“ и спроведуван од мрежата Мисли за Европа (TEN) и партнерската организација од Виена, Centre for Public Administration Research (KDZ). Граѓанските инцијативи доаѓаат од страна на членовите на Платформата за мониторирање на реформата на јавната администрација од Северна Македонија.

WeBER 3.0 е финансиран од Европската унија и од Австриската развојна агенција. Изразените ставови и мислења се на авторите и не мора да ги изразуваат ставовите на Европската Унија и Австриската развојна агенција. Ниту Европската Унија, Австриската развојна агенција, TEN, ниту KDZ не можат да бидат одговорни за нив.

Повеќе информации на: www.par-monitor.org.



# Резиме на извештајот

Овој извештај го прикажува нивото на транспарентност во Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ)[1], согледано преку методологијата на WeBER. Поточно, извештајот е поделен на седум дела што детално ја прикажуваат подготвеноста на МСПДМ да ги исполнува своите обврски во однос на транспарентноста во работењето.

Првиот дел ја прикажува ефективноста на МСПДМ во одговорите на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер (БСП) во законските рокови, кои во случајот на Северна Македонија се 20 дена општ рок со можност за продолжување дополнителни 10 дена, или вкупно 30 дена. Вториот дел е поврзан со првиот и прикажува дали МСПДМ дава квалитетни одговори што го задоволуваат барањето на подносителот. Третиот дел прикажува дали МСПДМ наплаќа за обезбедување информации од јавен карактер.

Четвртиот дел прикажува дали МСПДМ поттикнува слободен пристап до информации од јавен карактер за граѓаните на практичен начин. Петтиот дел прикажува дали МСПДМ има лице за контакт за пристап до информации од јавен карактер и дали ги објавува податоците за контакт со тоа лице. Шестиот дел прикажува дали МСПДМ на својата интернет страница објавува основни информации за своето работење и надлежност за граѓаните да можат лесно и добро да се информираат. Седмиот и последен дел прикажува дали МСПДМ објавува податоци на својата интернет страница во отворени формати, како и на националната (централизирана) интернет страница/портал за отворени податоци.

Анализата вклучува разгледување интернет страници, БСП до МСПДМ и анализа на домашното законодавство (закони и подзаконски акти). Извештајот покажува дека МСПДМ е транспарентно и отворено бидејќи интернет страницата редовно се ажурира со потребните информации и документи, делот за слободен пристап до информации од јавен карактер е опширен и лесно достапен и ги нуди бараните информации и податоци кога ќе добие БСП. Сепак, има простор за зајакнување во делот на отворени податоци. Поточно, МСПДМ има недостатоци во објавувањето податоци во отворен формат на својата интернет страница и податоците објавени на националниот портал за отворени податоци се застарени.

1 Техничка белешка: на 10.06.2024, Собранието на Република Северна Македонија го измени Законот за организација и работа на органите на државната управа, што доведе до промени во владината структура. Се создадоа нови министерства, некои се поделија во две нови министерства (некои споија надлежности на две министерства) и надлежности на постојни министерства се прераспоредија. Овој извештај го анализира министерството одговорно за секторот социјална политика кое на почетокот на периодот на извештајот се викаше „Министерство за труд и социјална политика", а сега според промените на законот се вика „Министерство за социјална политика, демографија и млади". Понатаму, министерството одговорно за јавната администрација што се викаше „Министерство за информатичко општество и администрација" беше поделено на две нови министерства: „Министерство за јавна администрација„ и „Министерство за дигитална трансформација". Во овој извештај, ќе го користиме новото име на министерството одговорно за социјална политика, т.е. МСПДМ, а за министерството одговорно за јавна администрација ќе го користиме старото име „Министерство за информатичко општество и администрација" (МИОА) бидејќи законот не наведува во кое од двете нови министерства спаѓаат надлежностите за порталот за отворени податоци, новите министерства немаат интернет страници и сè уште ја користат интернет страницата на МИОА.

# Вовед

## I.1 Што следи WeBER и како?

Следењето на организацијата, отчетноста и надзорот (ООН) се врши според Принципот 15 на SIGMA.

*Принцип 15: Јавната администрација е транспарентна и отворена.*

Контролната листа се состои од 7 барања во врска со реактивното (засновано на барања за слободен пристап до информации) и проактивното обезбедување информации. Во делот на реактивното информирање, барањата земаат предвид дали анализираната институција ги запазува законските рокови кога одговара на барања за слободен пристап до информации, дали содржината на одговорите одговара на бараното (врз основа на примерок), и дали анализираната институција по правило обезбедува одговори бесплатно. На крај, се следи дали сите заинтересирани лица имаат лесен пристап на интернет до соодветниот дел на интернет страницата на одговорната институција каде што ќе добијат корисни и практични насоки или совети за остварување на тоа право.

Во делот на проактивното информирање, се следи дали одговорната институција има информација за назначеното контакт лице/а за БСП што е лесно достапна на интернет и дали сите основни информации од работењето на институцијата се достапни за јавна анализа, вклучително и политики и закони, јавни услуги што се нудат, годишни извештаи, буџет, општи договори и организациска поставеност. На крај, овој извештај следи дали постојат практики за проактивно објавување податоци и колку редовно се објавуваат отворени податоци.

За да се следи и оцени како се остварува слободниот пристап до информации, ќе поднесеме барања за слободен пристап до информации за сите документи што не се достапни на интернет, а со тоа ќе се оценат и практиките на одговорната институција во обезбедувањето одговори на барањата. Пристапот на оваа контролна листа се заснова и на анализа на интернет страниците на одговорната институција и владините портали за отворени податоци. Рамката на анализата ги покрива или тековните практики во времето на оценувањето или 6- и 12-месечни периоди зависно од поединечното барање.

## I.2 Во овој извештај

Овој извештај ја содржи извршената анализа од страна на Центарот за управување со промени во однос на спроведувањето на принципот за транспарентност од страна на МСПДМ според претходно утврдената методологија од страна на конзорциумот на проектот.Анализата дава преглед на нивото на транспарентност на МСПДМ според седумте барања, разработени по делови во воведниот дел од овој извештај.

# Анализа

За читателите навистина да ја разберат оваа анализа, важно е да ја знаат или барем да имаат претстава за законската и институционална рамка во Северна Македонија во областа транспарентност на јавните институции. Затоа, прво накусо ќе ја објасниме оваа рамка како неопходен вовед во анализата.Северна Македонија го има утврдено принципот на транспарентност во неколку општи закони и има донесено посебен Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК)[2] преку кој ја има основано Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (АЗПСПИЈК)[3] која има должност и надлежност да врши надзор и да ги поддржува институциите од јавната администрација во зајакнувањето на транспарентноста, т.е. информациите од јавен карактер да се стават на располагање на јавноста, како и да ги санкционира прекршочно кога ќе ги повредат законските одредби.

Законот за општа управна постапка (ЗОУП))[4] е општ закон што ги уредува минимум процедуралните правила за управните постапки што се водат пред една јавна институција и гарантира заштита на човековите права во тие постапки. Накусо, овој закон уредува општи минимум стандарди за водење конкретни управни постапки пред секторските институции.

Законот за социјална заштита (ЗСЗ)[5] е посебен материјален закон што уредува посебни управни постапки што се водат пред МСПДМ или институција под него (како центрите за социјална работа што се распоредени низ земјата) и содржи одредби што гарантираат транспарентност. Поточно, Член 25 од ЗСЗ вели дека *„Министерството, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје на својата интернет страница, во средствата за јавно информирање, како и на други начини согласно законот ја информираат јавноста за социјалната заштита и даваат други информации уредени со закон. Установите за социјална заштита и давателите на социјални услуги обезбедуваат слободен пристап до информации за својата работа согласно со законот.“*

## Барање 1. Одговорната институција обезбедува информации во зададените рокови

**Првото БСП** беше испратено на 06.06.2024 и содржеше 5 прашања во врска со (1) Информација дали МСПДМ наплаќа за обезбедување информации од јавен карактер; (2) ако наплаќа, која е законската основа за тоа; (3) Последната систематизација со работни задачи; (4) Вкупен број БСП добиени во последните 6 месеци; и (5) Опис на БСП добиени во последните 6 месеци.

**Второто БСП** беше испратено на 03.07.2024 и содржеше 2 прашања во врска со (1) Последната систематизација со работни задачи; и (2) Копии од три конкретни одговори на БСП.

БСП беа пратени електронски до службената општа електронска адреса на МСПДМ, како и до назначеното лице за БСП. Тоа е дозволено со ЗСПИЈК и е востановена практика во јавниот сектор во Северна Македонија.

За првото БСП, МСПДМ даде одговор на 25.06.2024, односно 19 дена од денот на поднесување. На второто БСП, МСПДМ прати одговор на 25.07.2024, односно 22 дена од денот на поднесување.

Според ЗСПИЈК, институциите имаат два рока да одговорат на БСП. Првиот рок е 20 дена, а вториот рок е можност за продолжување за уште 10 дена во случаи кога БСП е опширно и сложено. Ако јавната институција сака да го продолжи рокот, треба да го извести лицето што го поднело барањето.

Во овој случај, според методологијата и насоките за оценување, МСПДМ го достави првиот одговор во рамки на првиот законски рок, а вториот одговор во вториот законски рок, што значи дека ова **барање е целосно исполнето**.

2 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101 од 22.05.2019 https://shorturl.at/YPUJX

3 Интернет страница на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер https://aspi.mk/

4 Закон за општа управна постапка, „Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 124 од 23.07.2015 https://www.aa.mk/content/zakon_za_opstata_upravna_postapka.pdf

5 Закон за социјална заштита, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104 од 23.05.2019 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

Сепак, укажуваме дека според законските одредби, МСПДМ не нè информираше дека вториот одговор ќе го прати во рамки на вториот законски рок. Исто така, според извештаите од МСПДМ за реализација на ЗСПИЈК за изминатите три години (2021[6], 2022[7] и 2023[8] ) немало случај на одбиено или неодговорено БСП. Поточно, во 2021 добиле 156 БСП, во 2022 добиле 93 БСП и во 2023 добиле 60 БСП.

## Барање 2. Одговорната институција ги обезбедува бараните информации

Во врска со првото БСП доставено до МСПДМ во рамки на надзорот, тие одговорија дека обезбедиле линкови до интернет страницата каде што се објавени бараните информации. Тоа е опција уредена во ЗСПИЈК.

**Во врска со второто БСП** доставено до МСПДМ, побаравме да ни пратат три конкретни предмети со одговори на БСП што ги одбравме како сложени. МСПДМ ни прати и службен одговор и линк на интернет страницата каде што се објавени одговорите. Во овој дел ќе се задржиме на трите конкретни случаи поодделно и во детаљ.

**Во однос на првиот конкретен предмет**, БСП содржи 9 прашања во врска со (1) Бројот на деца запишани во претшколски установи; (2) Организирани конференции на тема „Ромки“; (3) Напредокот на Законот за социјално домување; (4) Пилот активности за привремена грижа за бездомни лица; (5) Активности за привремена грижа за бездомни лица во областа „Кале“ во Скопје и програмата за финансиска поддршка за бездомни лица; (6) Активности во 2023 на Националното координативно тело за Роми и извештаи од активностите; (8) Реализирани активности за решавање проблеми за неевидентирани лица преку Законот за лица без регулиран граѓански статус; и (9) Реализирани активности за деца на улица.

Одговорот од МСПДМ се состои од документ од 5 страници што содржи една детална табела со податоци за прашањето 1. Другите прашања МСПДМ ги одговора наративно и детално. Понатаму, доставува три документи во однос на бараните извештаи од прашањето 7 и посебен документ за објаснување на прашањето 9. Сè на сè, квалитетот на одговорите е задоволителен.

**Во однос на вториот конкретен предмет**, БСП содржи четири прашања во врска со (1) Вкупниот број лица што може да се сместат во транзитните центри Винојуг и Табановце; (2) Вкупниот број лица што биле сместени во транзитните центри Винојуг и Табановце на 31 август 2023 и 30 ноември 2023; (3) Дали земјата има потпишано договор за преведувачки услуги за потребите на мигрантите; и (4) Дали земјата има стандардни оперативни постапки за идентификување новорегистрирани мигранти.

Одговорот од МСПДМ се состои од документ од една страница што дава кус одговор на четирите прашања и нема додатоци со конкретни документи или електронски линкови. Одговорот е задоволителен според бараните информации. Во однос на третиот конкретен предмет, БСП содржи барање за обезбедување три вида документи (1) Копија од записникот на јавното наддавање за продажба на детското одморалиште „Македонија“ во Тиват, Црна Гора; (2) Копија од склучениот договор за продажбата; и (3) Копија од записникот за предавање на објектот на новиот сопственик. Одговорот се состои од конкретните барани документи скенирани во единствен документ во .pdf формат.

Во однос на севкупниот квалитет на одговорите на трите конкретни БСП, можеме да потврдиме дека од материјална гледна точка МСПДМ во сите случаи ги има обезбедено информациите и податоците што барателите ги барале. Но, формално гледано, посочуваме дека МСПДМ не одговара на БСП со службен управен акт во согласност со ЗОУП. Истото важи и за одговорите на БСП поднесени до МСПДМ во рамки на оваа оценка. Сепак, бидејќи упатствата за оценката не прават разлика меѓу материјалните и формалните критериуми, само за ова првото **барањето е целосно исполнето**.

6 Годишен извештај на Министерството за труд и социјална политика (сега МСПДМ) за спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, 2021, https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_2021.pdf

7 Годишен извештај на Министерството за труд и социјална политика (сега МСПДМ) за спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, 2022, https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2023/godishen%20izveshtaj%202022.pdf

8 Годишен извештај на Министерството за труд и социјална политика (сега МСПДМ) за спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, 2022, https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2024/Godishen_izvestaj_2023.pdf

Треба да се забележи дека општо земено БСП што ги добива МСПДМ не се многу сложени. Аналитичарите ја разгледаа интернет страницата на МСПДМ каде што се објавуваат БСП и одговорите за изминатиот период, не само последните 6 месеци, за да ја утврдат општата сложеност на БСП што ги добива МСПДМ. Анализата покажа дека БСП се од полесен тип со оглед на тоа што содржат прашања за кои се потребни куси одговори како „Колкав е бројот на детски додатоци што МСПДМ ги има доделено изминатите три години?" Нема многу БСП што бараат конкретни документи.

## Барање 3. Одговорната институција по правило не наплаќа за обезбедување одговори на БСП

Во Северна Македонија ЗСПИЈК[9] е *lex specialis* усвоен во 2019 година. Во Член 28 дел (2) ЗСПИЈК уредува дека „Барателот на информација за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа надоместок во висина на материјалните трошоци." Сепак, во ЗСПИЈК не е уреден износот на надоместокот, што значи дека е препуштено на дискрецијата на секоја институција да го одреди износот на надоместокот во секој поединечен случај.

ЗСПИЈК во Член 10 уредува список со информации што институциите од јавниот сектор мораат да ги објават и уредува дека тие се обврзани да имаат слободен пристап до информациите наведени во Член 10. Списокот во Член 10 завршува со отворена одредба што вели: „други информации кои произлегуваат од надлежноста и работењето на имателот на информации."

ЗСПИЈК во Член 39, дел 1, став 7 уредува (прекршочна) глоба од 250 евра за службеното лице во институцијата што наплаќа надомест за информација наведена во Член 10 од законот. Следствено, ЗСПИЈК го прави пристапот до информации од јавен карактер бесплатен за граѓаните и за прекршување се казнуваат службените лица во институциите.

Деталната анализа на интернет страницата на МСПДМ покажа дека МСПДМ нема донесено свој подзаконски акт со кој уредува износ на надоместок за обезбедување информации од јавен карактер. Интернет страницата на МСПДМ има посебен дел за информации од јавен карактер (разработено детално во барање 4) што не содржи информации дали МСПДМ има утврдено надоместок за информациите што ги обезбедува преку БСП.

Исто така, во службен одговор на БСП, МСПДМ одговори дека не наплаќа за обезбедување информации од јавен карактер. Во таа смисла, барањето може да се смета дека е **целосно исполнето**.

9 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник" бр. 101 од 22.05.2019) https://shorturl.at/uHNL3

## Барање 4. Одговорната институција објавува на интернет достапен, корисен и практичен дел за слободен пристап до информации од јавен карактер

МСПДМ има практична и лесно достапна интернет страница со видлив и лесно достапен банер одлево на кој стои „информации од јавен карактер“ што води до посебен дел[10] што ги содржи сите потребни информации за пристап до информации од јавен карактер во негова надлежност.

Тој посебен дел содржи:

- Податоци за контакт за определеното лице за пристап до информации од јавен карактер, т.е. службените електронска адреса и телефонски број;
- ЗСПИЈК;
- Одлуката на Владата за утврдување надоместок за материјални трошоци за обезбедени информации од 2006 (оваа одлука не е во сила бидејќи има нов ЗСПИЈК од 2019 и тој е разработен во барање 3);
- Насоки за спроведувањето на ЗСПИЈК од 2019 од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер;
- Образец за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Образец за жалба;
- Годишни извештаи за спроведувањето на ЗСПИЈК за претходните 6 години (2018-2023);
- Список на добиени и одговорени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за претходните 4 години (2020-2023), како и за тековната 2024 година;
- Линк до интернет страницата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Овој посебен дел е достапен со два клика и банерот е видлив на левата страна од интернет страницата без оглед кој линк ќе го отвори корисникот, и посебниот дел е практичен. Затоа сметаме дека **барањето е целосно исполнето**.

## Барање 5. Одговорната институција ги објавува податоците на лицето за контакт за БСП така што се лесно достапни на интернет

МСПДМ има определено лице одговорно за слободен пристап до информации од јавен карактер и податоците за контакт се лесно достапни и наведени во посебен дел на интернет страницата на министерството[11]. Тој посебен дел содржи општи информации за назначеното контакт лице, т.е. име и презиме, службена електронска адреса и телефонски број.

Во ЗСПИЈК во дел 2 стои „Службено лице за посредување со информации“ и го содржи Член 8, според кој секој имател на информации (институции) определува едно или повеќе службени лица за остварување на правото на слободен пристап до информации.

Сепак, во систематизацијата на работни места објавена на интернет страницата на министерството[12], на која нè упати контакт лицето за пристап до информации од јавен карактер, нема работни задачи или места поврзани со пристап до информации од јавен карактер.

10 Интернет страница на министерството, дел за слободен пристап до информации од јавен карактер https://www.mtsp.gov.mk/sloboden-pristap-do-informacii.nspx

11 Интернет страница на министерството, дел за слободен пристап до информации од јавен карактер https://www.mtsp.gov.mk/sloboden-pristap-do-informacii.nspx

12 Правилник за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика (сега МСПДМ) од декември 2023 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/sistematizacija/2023/sistematizacija_web.pdf

## Барање 6. Одговорната институција проактивно објавува на интернет основни информации за своето работење

**Во однос на точка 1** (Список на основни и подзаконски акти во надлежност на секторската институција), интернет страницата на МСПДМ има јазиче насловено „Регулатива“ и 4 нивоа под него насловени „Закони“, „Правилници“, „Документи“ и „Предлог закони и документи“. Нивото „Закони“ содржи закони во 7 полиња за кои е надлежно МСПДМ. Поточно, интернет страницата на МСПДМ ги содржи следните закони во тие 7 полиња:

- Закони од областа на социјалната заштита.
  Во овој дел МСПДМ има објавено 10 закони
- Закони од областа на заштитата на децата
  Во овој дел МСПДМ има објавено 1 закон
- Закони од областа на трудот
  Во овој дел МСПДМ има објавено 17 закони
- Закони од областа на еднаквите можности
  Во овој дел МСПДМ има објавено 3 закони
- Закони од областа на пензиското и инвалидското осигурување
  Во овој дел МСПДМ има објавено 5 закони
- Закони од областа на боречката и инвалидската заштита
  Во овој дел МСПДМ има објавено 7 закони
- Други закони
  Во овој дел МСПДМ има објавено 5 закони

МСПДМ има објавено вкупно 48 закони и сите се во најнова верзија, со јасна назнака која е најновата верзија, а кои се претходните верзии на законите.

**Во однос на точка 2** (Список на документи со политики валидни во периодот на оценување), на интернет страницата на МСПДМ во јазичето „Регулатива“ има ниво „Документи“ што води до посебен дел што ги содржи документите со политики, стратешките планови и акциските планови на МСПДМ во областите за кои е надлежно.

Документите се поделени во следните 12 области:

- Стратешки документи;
- Систематизација на работните места;
- Родова рамноправност и недискриминација;
- Работни односи и вработување;
- Социјална заштита;
- Заштита на децата;
- Инклузија на Роми;
- Внатрешна ревизија;
- Финансии;
- Ревизорски извештаи; и
- Финансиски извештаи.

**Во врска со точка 3** (Список на јавни услуги што се нудат), на интернет страницата на МСПДМ има јазиче со наслов „Права и услуги“ со 8 нивоа под него, и тоа: „Социјална заштита“, „Пензиско и инвалидско осигурување“, „Детска заштита“, „Еднакви можности“, „Инклузија на Роми“, „Инспекциски надзор“, „Боречко-инвалидска заштита“ и „Прекршочна постапка од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа“. Секое од осумте нивоа има нивоа под нив што се вкупно 11 на број.

На интернет страницата на МСПДМ има и јазиче насловено „Пазар на труд“ со 6 нивоа, и тоа: „Вработеност“, „Невработеност“, „Социјално партнерство“, „Плати“, „Трошоци на живот“ и „Безбедност и здравје при работа“.

**Во однос на точка 4** (Годишни извештаи за работењето за најмалку две претходни календарски години), на интернет страницата на МСПДМ има јазиче насловено „Регулатива“ со ниво насловено „Документи“ што води до посебен дел со три полиња што ги содржат годишните извештаи на министерството.

**Во однос на точка 5** (Буџет – план за тековната година и реализација за претходната година), на интернет страницата на МСПДМ има јазиче насловено „Регулатива“ со ниво насловено „Документи“ што води до посебен дел со три полиња што ги содржат годишните извештаи на министерството.

**Во однос на точка 6** (Општи информации за контакт за јавноста), на интернет страницата на МСПДМ има јазиче насловено „Односи со јавност“ со 5 нивоа, и тоа: „Covid-19“, „Соопштенија“, „Слободен пристап до информации“, „Медиа центар“ и „Огласи/известувања/објави“.

На интернет страницата на МСПДМ има и јазиче насловено „За министерството“ со 6 нивоа, и тоа: „Министер“, „Заменик министер“, „Државен секретар“, „Надлежности“, „Сектори“ и „Органи во состав“.

На интернет страницата на МСПДМ има и јазиче во главната лента на интернет страницата насловено „Контакти“ што води до посебен дел што ги содржи општите податоци за контакт на МСПДМ како адреса, електронска адреса, телефонски броеви на кабинетот на министерот, заменик-министерот и државниот секретар на МСПДМ.

**Во однос на точка 7** (Систематизација со имиња на главните одговорни лица (министри, заменици, асистенти и генерални/државни секретари)), на интернет страницата на МСПДМ има јазиче насловено „За министерството“ со ниво насловено „Сектори“ што води до посебен дел со линк до организациската структура на министерството што автоматски се презема во excel формат. Овој документ прикажува графикон на организациската структура на министерството со министер и заменик на врвот, по што следат 12 државни советници, 16 сектори и 53 одделенија во рамки на секторите.

## Барање 7. Одговорната институција објавува податоци во отворени формати

Во Северна Македонија, Законот за користење на податоците од јавниот сектор (ЗКПЈС)[13] ја покрива областа на отворени податоци и обврските на јавните институции да објавуваат такви податоци. Овој закон ги уредува обврските на институциите во дел 2, кој има седум члена, т.е. од Член 5 до Член 11.

Според ЗКПЈС, јавните институции имаат општа обврска да ги објавуваат податоците што ги создаваат во рамки на своето работење (Член 5, став 1) и податоците, освен што треба да се во читлив формат, треба да се објават и како необработени податоци во компјутерски обработлив формат и да бидат достапни во отворен формат заедно со нивните метаподатоци до најниското ниво на деталност, и форматот и метаподатоците треба да се усогласени со формалните отворени стандарди за обезбедување софтверска интероперабилност (Член 5, став 4). Институциите од јавниот сектор се обврзани да ги ажурираат податоците во согласност со динамика што самите ќе ја утврдат, обезбедувајќи точност на податоците, притоа наведувајќи го на видно место датумот на последното ажурирање (Член 5, став 6). Минималните техничките можности на органите и институциите од јавниот сектор за објавување податоци, како и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на нивно објавување ги утврдува министерот за информатичко општество и администрација (Член 5, став 7). МИОА има обврска да го ажурира националниот портал за отворени податоци https://vlada.mk/data.gov.mk, кој е активен и содржи отворени податоци. Исто така, отворен е посебен национален портал од областа на јавните финансии насловен „Отворени финансии“ (https://open.finance.gov.mk/mk/home).

Според ЗКПЈС, институциите од јавниот сектор се должни до МИОА да доставаат во електронска форма каталог на податоците што ги создаваат во остварувањето на своите надлежности кои ги објавуваат за користење, вклучувајќи и датум на објавување на податоците (по податочни сетови) за нивно користење, динамика на нивно ажурирање (дневно, неделно, месечно и квартално) и поединечен линк, односно веб

13 Закон за користење на податоците од јавниот сектор („Службен весник“ бр. 27 од 05.02.2014) https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/legislation/zakon_za_koristenje_na_podatocite_od_javniot_sektor.pdf

локација до местото каде што органот или институцијата од јавниот сектор ги објавува податоците, во рок од три месеци од објавувањето на податоците за користење (Член 7, став 2). Институциите се обврзани и да определат контакт лице задолжено за техничко прилагодување и објавување на податоците за нивно користење, нивно објавување на интернет страницата на органот и за обврските за ажурирање на каталогот на податоци на www.otvorenipodatoci.gov.mk, како и непречено извршување на обврските од законот (Член 7, став 4).

МИОА треба редовно да го надополнува централниот каталог на податоци од јавниот сектор објавени за користење (Член 8, став 1). Понатаму, секој орган или институција од јавен сектор е должен редовно, а најмалку квартално да го извести МИОА за објавување нови податоци за користење со цел тие да се поврзат и објават на централниот каталог на податоци од јавниот сектор (Член 8, став 2).

Во случај на неисполнување на обврските од горенаведените одредби, ЗКПЈС предвидува и прекршочни казни уредени во дел 3, кој има 8 члена, од Член 14 до Член 21.

МИОА има донесено подзаконски акт (кој произлегува од Член 5, став 7 од ЗКПЈС, наведен погоре), т.е. Правилник за минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите (Правилник за отворени податоци)[14].

Според овој правилник, податоците се објавуваат во следните формати:

- XLS (Microsoft Office Excel),
- XLSX, - CSV (Comma Separated Values),
- XML (Extensible Markup Language),
- JSON (JavaScript Object Notation),
- Web services - API (Application Programming Interface).

Освен во наведените формати, органите и институциите од јавниот сектор може да овозможат директен пристап за преземање податоци од следните видови бази на податоци:

- MS SQL Server,
- MySQL, и
- Oracle DB.

На националниот портал за отворени податоци https://vlada.mk/data.gov.mk, МСПДМ (сè уште под името МТСП[15]) има објавено вкупно 22 сетови податоци, од кои 1 е ажуриран во 2019, 5 во 2019, и 16 во 2018. Тие 22 сетови податоци се следните:

1. Годишниот буџет за Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 11 јануари 2021.
2. Годишниот план за јавни набавки за Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 9 јануари 2019.
3. Извештајот за реализацијата на проектот бесплатна бања за пензионери од Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 25 декември 2018.
4. Списокот на овластени толкувачи за знаковен јазик од Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 22 ноември 2018.
5. Евиденцијата на згрижувачки семејства од Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажурирана на 20 декември 2018.

14 Правилник за минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/legislation/pravilnik_za_otvoreni_podatoci_za_objavuvanje_sl_vesnik.pdf

15 Види фуснота 1 (техничка белешка)

6. Евиденцијата на дневни центри за деца со посебни потреби при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажурирана на 11 декември 2018.
7. Регистарот на здруженија на работодавачи при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 25 декември 2018.
8. Регистарот на синдикати при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 25 декември 2018.
9. Резимето на извештај – деца по тип институција и општина при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажурирано на 25 март 2019.
10. Резимето на извештај – деца по категорија на институција што го изготвува Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажурирано на 25 март 2019.
11. Извештајот за семејно насилство што го изготвува Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 9 јануари 2019.
12. Регистарот на здруженија на граѓани во областа на социјалната заштита при Министерството на труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 9 јануари 2019.
13. Регистарот на агенции за привремено вработување при Министерството за труд и социјална политика https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 20 декември 2018.
14. Списокот на народни кујни при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 20 декември 2018.
15. Регистарот на институции за социјална заштита при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 20 декември 2018.
16. Списокот на организации со финансиска поддршка од МТСП при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 20 декември 2018.
17. Списокот со согласност дадена на здруженија за давање услуги во областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 20 декември 2018.
18. Списокот на агенции за посредување при вработување во земјата и странство со плаќање при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 21 декември 2018.
19. Регистарот за регистрирање колективни договори – приватен сектор при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 24 декември 2018.
20. Регистарот за регистрирање колективни договори – јавен сектор при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 24 декември 2018.
21. Регистарот на лица со волонтерски договор при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk е ажуриран на 24 декември 2018.
22. Деца по националност, род и возрасна група во градинки и центри за ран развој на децата при Министерството за труд и социјална политика на https://vlada.mk/data.gov.mk ажурирано на 25 декември 2018.

Анализата на интернет страницата на министерството покажува дека МСПДМ исто така не практикува да објавува податоци во отворени формати. Поточно, на интернет страницата на МСПДМ има вкупно осум јазичиња и секое од нив има повеќе од 4 нивоа. Секое од тие пониски нивоа содржи детални информации за конкретна област од надлежностите на МСПДМ и тие информации се главно описни со неколку исклучоци каде што има конкретни податоци. Во јазичето „Регулатива" има четири нивоа, и тоа „Закони", „Правилници", „Документи" и „Предлог закони и документи" што содржат линкови до конкретни документи во pdf формат чија содржина може да се користи (копира). Нивото „Документи" содржи материјали со конкретни податоци како финансиските извештаи на МСПДМ и наративни извештаи за резултатите од усвоените стратешки планови и програми, но за жал тие податоци не се објавени во отворен формат, туку како скениран службен документ.

Понатаму, јазичето „Права и услуги" има осум нивоа и некои од нив содржат податоци во делумно отворени формати. Поточно, има објавени извештаи за активностите во областа на родовата еднаквост во .pdf документи и податоците во документите не се прикажани доследно, каде што некои од нив се прикачени слики од податоци изготвени од други институции, а други се табели со необработени податоци што лесно може да се употребат.

Во јазичето „Пазар на труд" има 6 нивоа со разни начини за објавување податоци. Во нивото „Социјално партнерство" има линк насловен „Електронски регистар на колективни договори" што води до .pdf документ со табела со податоци што лесно може да се употребат, но не е пополнето секое поле во табелата. Нивото „Трошоци на живот" води до дел со објавени линкови за месечните трошоци на живот за годините од 2021 до 2024, што води до скениран службен документ (управен акт) што ги наведува месечните трошоци за живот. Во јазичето „Безбедност и здравје при работа" има линкови што водат до разни списоци и регистри што водат до .pdf документи со табели чии податоци лесно се користат.

Бидејќи МСПДМ нема објавено сетови податоци во периодот на анализа, ова барање се смета дека не е задоволено.

Исто така, треба да се забележи дека банерот што го промовира националниот портал за отворени податоци не е поставен на видливо место на интернет страницата на МСПДМ. Понатаму, дополнителната анализа на интернет страницата на Министерството за информатичко општество и администрација[16] покажува дека МИОА исто така не го промовира доволно националниот портал за отворени податоци. Промовирањето на националниот портал за отворени податоци е од огромна важност за да се стимулира јавноста да ги користи информациите што ги создаваат институциите од јавниот сектор и за да се зајакнат транспарентноста и отчетноста.

### *Конечна проценка на барањата*

| Барање | Конечна проценка |
|---|---|
| Барање 1 – Одговорната институција обезбедува информации во зададените рокови | Целосно исполнето |
| Барање 2 – Одговорната институција ги обезбедува бараните информации | Целосно исполнето |
| Барање 3 – Одговорната институција по правило не наплаќа за обезбедување одговори на БСП | Целосно исполнето |
| Барање 4 – Одговорната институција објавува на интернет достапен, корисен и практичен дел за слободен пристап до информации од јавен карактерп | Целосно исполнето |
| Барање 5 – Одговорната институција ги објавува податоците на лицето за контакт за БСП така што се лесно достапни на интернет | Целосно исполнето |
| Барање 6 – Одговорната институција проактивно објавува на интернет основни информации за своето работење | Целосно исполнето |
| Барање 7 – Одговорната институција објавува податоци во отворени формати | Не е исполнето |

16 Интернет страница на Министерството за информатичко општество и администрација https://mioa.gov.mk/

# III. Препораки за подобрување

Како што наведовме во резимето на извештајот и во целата анализа, МСПДМ е транспарентно и отворено, но има простор за подобрување.

**Во однос на првото барање**, МСПДМ ги обезбедува бараните информации во законските рокови, но би требало да го извести барателот за можното продолжување на општиот рок (20 дена) за дополнителни 10 дена. Тоа се однесува на општото работење на МСПДМ, така што треба да почне да ги известува барателите дали ќе бидат потребни дополнителни десет дена за да се одговори на БСП.

**Во однос на второто барање**, МСПДМ им ги обезбедува бараните информации на барателите, но треба да се подобрат форматите во кои одговара на БСП, т.е. треба да се користи образецот на службен управен акт (пропишан со ЗОУП), а не едноставен документ во Word или мејл.

**Во однос на четвртото барање**, МСПДМ промовира слободен пристап до информации од јавен карактер во согласност со ЗСПИЈК и има посебен дел на интернет страницата видлив преку фиксен банер, каде што самиот дел е практичен и ги има сите потребни информации за едно лице да се запознае со процедурата за добивање информации од јавен карактер. Покрај тоа, МСПДМ може да усвои проактивен пристап и да изготви покреативен дел и да го зајакне практичниот аспект за граѓаните. Исто така, МСПДМ може да вгради дигитален асистент на интернет страницата што ќе ја зајакне интеракцијата меѓу граѓаните и МСПДМ, и тоа, прво, ќе го намали административниот товар на службените лица за одговарање на БСП и, второ, граѓаните ќе бараат информации на поедноставен начин и ќе можат да ги добијат бараните информации побрзо.

**Во врска со шестото барање**, МСПДМ проактивно објавува информации и документи во врска со своето работење и надлежностите. Сепак, МСПДМ може да ја направи интернет страницата поефикасна ако го намали бројот на нивоа под јазичињата и објавува информации на неколку главни јазичиња кои преку интерактивни механизми ќе ги прикажат сите потребни информации на практичен начин. Моменталната ситуација ги нуди сите неопходни информации, но тие се расфрлани во разни јазичиња и нивоа под нив, што ги спречува граѓаните да ги најдат со помалку од три клика.

**Во врска со седмото барање**, МСПДМ треба да ги ажурира постојните податоци во отворени формати на националниот портал за отворени податоци (https://vlada.mk/data.gov.mk) и да почне да ги објавува на својата интернет страница. Дополнително, МСПДМ треба да ја подобри промоцијата на банерот за националниот портал за отворени податоци со тоа што ќе го направи повидлив на својата интернет страница.

# Додатоци

*Барања за слободен пристап до информации*

| Институција | Датум на праќање | Датум на одговор |
|---|---|---|
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | 06.06.2024 | 25.06.2024 |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | 06.06.2024 | 25.06.2024 |

*Интервју*

| Институција/Организација | Работно место | Датум | Место |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |
| / | / | / | / |
| / | / | / | / |

*Други извори*

1. Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник" бр. 121 од 10.06.2024)
2. Закон за општа управна постапка („Службен весник" бр. 124 од 23.07.2015)
3. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник" бр. 101 од 22.05.2019)
4. Закон за социјална заштита („Службен весник" бр. 104 од 23.05.2019)
5. Закон за користење на податоците од јавниот сектор („Службен весник" бр. 27 од 05.02.2014) https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/legislation/zakon_za_koristenje_na_podatocite_od_javniot_sektor.pdf
6. Правилник за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика (сега МСПДМ) од декември 2023 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/sistematizacija/2023/sistematizacija_web.pdf
7. Правилник за минимум техничките можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/legislation/pravilnik_za_otvoreni_podatoci_za_objavuvanje_sl_vesnik.pdf
8. Интернет страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади https://www.mtsp.gov.mk/pocetna.nspx
9. Национален портал за отворени податоци https://vlada.mk/data.gov.mk
10. Национален портал за отворени финансии www.openfinance.gov.mk
11. Интернет страница на Министерството за информатичко општество и администрација https://mioa.gov.mk/

